РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 29.01.2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 306 | 1 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) член 21 и 22 од Законот за средно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07 и 49/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *германски јазик втор странски јазик - продолжителен курс - II година* за гимназиско образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ПРОГРАМА ЗА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# *ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК*

ВТОР СТРАНСКИ ЈАЗИК - ПРОДОЛЖИТЕЛЕН КУРС

II година

Скопје, 2007 година

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: германски јазик

## 1.2. Диференцијација на наставниот предмет
1.2.1. Општообразовен

## 1.3. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет
1.3.1. Прва година (продолжителен курс)

## 1.4. Број на часови на наставниот предмет
1.4.1. Број на часови неделно (неделен контакт): 2 часа
1.4.2. Број на часови годишно (квота на изучувањето): 72 часа

## 1.5. Статус на наставниот предмет
1.5.1. Задолжителен

# 2. ЦЕЛ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по германски како втор странски јазик е да го оспособи ученикот да комуницира на германски јазик во функција на општото и понатамошното образование, да обезбеди можности за самообразование и да го подготви за улогата на граѓанин на демократско општество.

Поаѓајќи од оваа цел, ученикот кој успешно го изучувал овој предмет ќе биде способен:

- да комуницира на германски јазик во секојдневниот и академскиот контекст;
- да комуницира на германски јазик во конкретен насочен контекст од општообразовен и секојдневен карактер;
- да развива лични способности потребни за успешно функционирање како граѓанин во едно демократско општество.

Овие општи цели на предметот придонесуваат за исполнување на фундаменталните цели на двете нивоа, имено: општообразовните цели на нашиот образовен систем и целите за личен развој.